ДЗР

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број:** 04-388/20
**Датум:** 12.03.2021

Врз основа на член 9 став (1) точка 12 од Закон за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/2010, 145/2010, 12/2014, 43/2014, 154/15, 192/15, 27/2016 и 83/18) и член 73 од Колективниот договор на ниво на Државниот завод за ревизија (бр. 01-403/1 од 15.04.2015, бр. 01-290/1 од 19.04.2017 година и бр. 01-837/1 од 12.11.2018 година и Спогодба за продолжување на важноста на Колективниот договор на ниво на ДЗР бр. 03-406/1 од 31.05.2019 година) а во врска со Извештај број 04-388/18 од 12.03.2021 година за спроведена селекција за унапредување на државен ревизор за работно место Виш ревизор за ревизија на јавните претпријатија и трговските друштва основани од единиците на локалната самоуправа, со предлог за избор на кандидат за работно место, донесен од Комисијата за селекција за унапредување формирана со решение заверено под број 03-388/12 од 05.03.2021 година, по Интерен оглас за унапредување заведен под број 04-388/4 од 26.02.2021 година, и објавен истиот ден, Главниот државен ревизор донесе:

**ОДЛУКА**

**За избор на кандидат за унапредување на работно место Виш ревизор за ревизија на јавните претпријатија и трговските друштва основани од единиците на локалната самоуправа**

1. По спроведената постапка со Интерен оглас заведен под број 04-388/4 од 26.02.2021 година, за унапредување на еден кандидат на работно место **Виш ревизор за ревизија на јавните претпријатија и трговските друштва основани од единиците на локалната самоуправа, се избира кандидатот Адем Тахири.**

2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и истата се објавува на интернет страницата на Државниот завод за ревизија и на огласната табла на Државниот завод за ревизија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Во врска со член 69 став (3) и став (4) од Колективниот договор на ниво на Државниот завод за ревизија (бр. 01-403/1 од 15.04.2015, бр. 01-290/1 од 19.04.2017 година и бр. 01-837/1 од 12.11.2018 година и Спогодба за продолжување на важноста на Колективниот договор на ниво на ДЗР бр. 03-406/1 од 31.05.2019 година) а во врска со реализација на Годишниот план за вработување за 2021 година на Државниот завод за ревизија заведен под број 01-925/1 од 30.10.2020 година, за кој е добиена Согласност од Министерство за финансии

број 08-4628/226-2 од 20.11.2020 година, и добиена Согласност од Министерство за информатичко општество и администрација број 12/6-4152/5 од 14.12.2020 година, и Известување за обезбедени финансиски средства во Буџетот на Државен завод за ревизија за 2021 година за унапредување од Министерство за финансии број 24-304/2 од 19.02.2021 година, објавен е Интерен оглас заведен под број 04-388/4 од 26.02.2021 година, за унапредување на еден кандидат на работно место Виш ревизор за ревизија на јавните претпријатија и трговските друштва основани од единиците на локалната самоуправа.

Согласно Извештај од спроведена селекција за унапредување на државен ревизор во Државен завод за ревизија заведен под број 04-388/18 од 12.03.2021 година, со предлог на избор на кандидат за работно место по Интерен оглас за унапредување заведен под број 04-388/4 од 26.02.2021 година и објавен истиот ден, доставен од Комисијата за селекција за унапредување формирана со решение заведено под број 03-388/12 од 05.03.2021 година, на истиот се пријавиле двајца кандидати и тоа вработената Ирена Крстаноска, која била повикана на интервју на ден 11.03.2021 година, и истиот ден именуваната ја известила Комисијата дека нема да дојде на закажаното интервју по сопствен избор, додека вториот кандидат, вработениот Адем Тахири, кој ги исполнува општите и посебните услови за работното место, ги дал потребните одговори на поставените прашања на интервјуто наменети за кандидатите, заради што членовите на Комисијата едногласно му предлагаат на главниот државен ревизор да донесе одлука за избор на кандидатот, вработениот Адем Тахири, за унапредување на наведеното работно место.

Во согласност со член 73 од Колективниот договор на ниво на Државниот завод за ревизија, а врз основа на поднесениот Извештај од спроведената постапка за селекција за унапредување на државни ревизори во Државен завод за ревизија, Главниот државен ревизор одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука незадоволните кандидати имаат право да поднесат жалба до Агенцијата за администрација – Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во Втор степен, во рок од 8 (осум) дена сметано од денот на доставување на Одлуката до кандидатите и објава на веб страната на Државниот завод за ревизија .

**Главен државен ревизор,**

**М-р Максим Ацевски**

Изработил: Весна Симоновска, МБА
Контролирал: М-р Александар Поповски